# СРЕДНО СТРУЧНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ“




# Развоен план
# 2020-2024 година

ВОВЕД 3

1. ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО 4

2. ОБРАЗОВНИ ПРОФИЛИ 6

3. МИСИЈА И ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО 7

ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ 9

ПОДРАЧЈЕ НА ПРОМЕНИ: ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ 10

ПОДРАЧЈЕ НА ПРОМЕНИ: ПОДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ 22

ПОДРАЧЈЕ НА ПРОМЕНИ: РЕСУРСИ 33

ПОДРАЧЈЕ НА ПРОМЕНИ: УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ 48

# ВОВЕД

Развојниот план на ССОУ „Коле Неделковски“-Велес,  е документ кој помага во управувањето и организацијата на училиштето. Овој документ треба да се свати како алатка која помага во унапредувањето на квалитетот на воспитно – образовниот процес. Треба да се има во предвид дека развојното планирање е континуиран творечки процес кој се однесува на постојано истражување и препознавање на реалните (вистинските) потреби на училиштето, како и во осмислување на начини како тие потреби да се задоволат. Освен тоа нашето училиште во развојното планирање самото е иницијатор и актер на сопствените промени. Развојот на училиштето се одвива на релација помеѓу сегашната состојба и проекцијата на посакуваните идеали.

# 1. ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

***- Општи податоци за училиштето***

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | Средно стручно општинско училиште „Коле Неделковски“ |
| **Адреса на училиштето, општина** | Ул. Андон Шурков бр. 4а,1400 Велес |
| **Телефон** | ++389 (0) 43 231 446 |
| **Факс** | ++389 (0) 43 235 086 |
| **E-mail** | kolenedelkovski@yahoo.com |
| **WEB** | www.kolenedelkovski.edu.mk |
| **Основано од** | Општина Велес,1965 |
| **Година на изградба** | 1963/1982 |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик |
| **Училиштето работи во смени, број на смени** | две смени |
| **Број на паралелки** | 31 |

*-Локација на училиштето*




***-Просторни услови за работа на училиштето***

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | Една |
| **Површина на објектот**<br>**Површина на училишен двор** | 6 800 $м^2$<br>5 182$м^2$ |
| **Број на катови** | Подрум + приземје + 2 ката |
| **Број на училници** | 34 |
| **Број на помошни простории** | 8 |
| **Училишна библиотека** | 1 |
| **Начин на загревање на** | Со сопствен топловоден систем |
| **Тип на градба** | Тврда |

***- Наставен и ненаставен кадар***

| *Наставен и ненаставен кадар* | *Вкупно* |
|---|---|
| Број на вработени | 73 |
| Број на наставен кадар | 58 |
| Број на стручни соработници | 2 |
| Административни соработници | 1 |
| Техничка служба | 11 |
| Директор | 1 |

***- Степен образование на вработени***

| *Образование* | *Број на вработени* |
|---|---|
| Високо образование | 56 |
| Виша стручна спрема | 6 |
| Средно образование | 11 |

***- Староснa структура на вработени***

| *Години* | *Број на вработени* |
|---|---|
| 20-30 | 5 |
| 31-40 | 11 |
| 41-50 | 32 |
| 51 до пензија | 25 |

## 2. ОБРАЗОВНИ ПРОФИЛИ

**Електротехничка струка:**

| Образовен профил | Времетраење на школувањето |
| --- | --- |
| Електротехничар за компјутерскатехника и автоматика | Четиригодишно |
| Електротехничар за електроника и телекомуникации | Четиригодишно |
| Електротехничар енергетичар | Четиригодишно |

**Машинска струка:**

| Образовен профил | Времетраење на школувањето |
| --- | --- |
| Машинско енергетски техничар | Четиригодишно |
| Машински техничар | Четиригодишно |
| Техничар за компјутерско управување | Четиригодишно |
| Машински техничар за моторни возила | Четиригодишно |
| Техничар за производно машинство | Четиригодишно |
| Автомеханичар | Тригодишно |
| Заварувач | Тригодишно |

**Сообраќајна струка:**

| Образовен профил | Времетраење на школувањето |
| --- | --- |
| Техничар за транспорт и шпедиција | Четиригодишно |

**Угостителско - туристичка струка:**

| Образовен профил | Времетраење на школувањето |
| --- | --- |
| Келнер | Тригодишно |
| Готвач | Тригодишно |
| Хотелско-туристички техничар | Четиригодишно |

# 3.МИСИЈА И ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

***- МИСИЈА***

Постоиме затоа што секогаш сме подготвени да се движиме со тековните општествени промени, во чекор со времето и да образуваме кадри со образовни профили кои се во склоп со потребите на пазарот на трудот.

Нашето училиште е образовна и културна средина во која спојот помеѓу теоријата и праксата им овозможува на учениците пристап како до високообразовните институции за понатамошно дообразување, така и вон институциите во кои ќе им биде овозможено вработување- социјални партнери, локална средина и пошироко.

***- ВИЗИЈА***

Преку работата во училиштето, кај нашите партнери и во реалната компанија, учениците стекнуваат реални знаења, практична обука и обука за деловна работа, работа со клиенти и реализација на еден производ од основна идеја до финална реализација, вклучувајќи го и материјалниот сегмент од работењето.


Поддршка на учениците
Ресурси
САМОЕВАЛВАЦИЈА
2018- 2020
Управување и раководење
Постигања на учениците

## ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ



## <u>ПОДРАЧЈЕ НА ПРОМЕНИ:</u> ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

**РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ:**

1. **РАЗВИВАЊЕ НА МАРКЕТИНГ ПЛАНОТ, СО ЦЕЛ ПРИДОБИВАЊЕ НА ПОДОБРА СТРУКТУРА И БРОЈНОСТ НА УЧЕНИЦИ.**
2. **ПЕДАГОШКО ПСИХОЛОШКО СЛЕДЕЊЕ НА НАСТАВНИОТ ПРОЦЕС ВО ДЕЛОТ НА РЕДОВНОСТ, ДИСЦИПЛИНА И УСПЕХ**
3. **ВКЛУЧУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ ЗА ПОДДРШКА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА РЕДОВНОСТА И ДИСЦИПЛИНАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО НАСТАВНИОТ ПРОЦЕС.**

1. **Развојна цел:**
   **Развивање на маркетинг планот, со цел придобивање на подобра структура и бројност на ученици**

   ***Задачи:***
   1. **Формирање и обука на маркетинг тим;**
   2. **Изработка на маркетинг план;**
   3. **Водење на маркетинг кампања.**

   **Задача 1**
   **Формирање и обука на маркетинг тим**

**Активности*:***
- Формирање на маркетинг тим;
- Обука на маркетинг тим,

**Очекувани резултати:**
- Формиран обучен маркетинг тим.

**Критериуми за успех:**
- Континуирана работа на маркетинг тимот.

**Носители на активности:**
- Директор;
- Маркетинг тим составен од професори од сите активи.

**Инструменти*:***
- Извештај за формиран тим од страна на Директорот;
- Извештај од формирањето и обуката на маркетинг тимот.

**Време за извршување на евалвацијата:**
- Септември - Октомври  2020 год.

**Време на реализација**
- Прво тримесечие - 2020 год.

**Задача 2**
**Изработка на маркетинг план**

**Активности:**

- Изработка на маркетинг план (време на реализација, изработка на рекламен материјал и сл.);
- Изработка на рекламен материјал (флаери, постери, рекламен спот и слично).

**Очекувани резултати:**

- Изготвен квалитетен маркетинг план

**Критериуми за успех:**

- Изработен маркетинг план;
- Реализирани активности на маркетинг планот;
- Квалитетно изработен рекламен матерјал.

**Носители на активности:**

- Директор;
- Маркетинг тим.

**Инструменти:**

- Извештај на тимот за маркетинг за изработен маркетинг план;
- Извештај на тимот за маркетинг за изработен рекламен материјал.

**Време за извршување на евалвацијата:**

- Цела наставна година - континуирано.

**Време на реализација:**

- Континуирано од 2020 до 2024 год

**Задача 3**
**Водење на маркетинг кампања**

**Активности:**

- Водење на маркетинг кампања преку медиуми;
- Водење на маркетинг кампања во  основните училишта;
- Водење на маркетинг кампања со околината (бизнис сектор, невладини организации, локална самоуправа, граѓаните и други).

**Очекувани резултати:**

- Зголемена бројност и подобра структура на ученици
- Поголема информираност на родителите и кандидатите за упис во средно училиште за нивната можност за идно вработување и студирање

**Критериуми за успех:**

- Квалитетно водена медиумска кампања;
- Правовремена посетеност на основните училишта;
- Зголемен квалитет и квантитет на запишани ученици.

**Носители на активности:**

- Директор;
- Маркетинг тим.

**Инструменти:**

- Полугодишни и годишни извештаи за реализираната маркетинг кампања  реализирана преку медиумите и основните училишта;
- Годишен извештај за квантитетот и квалитетот на запишаните ученици.

**Време за извршување на евалвацијата:**

- Секое полугодие.

**Време на реализација**

- Континуирано од 2020 до 2024 год.

2. **Развојна цел:**
   **Педогошко психолошко следење на наставниот процес во делот на редовност, дисциплина и успех**

   ***Задачи:***

   1. **Почитување на Правилникот за регулирање на изостанците;**
   2. **Работа со ученици кои не го почитуваат куќниот ред во училиштето;**
   3. **Работа со талентирани ученици;**
   4. **Работа со ученици со многу слаб успех;**

**Задача 1:**
**Почитување на Правилникот за регулирање на изостанците**

**Активности*:***

- Запознавање на учениците со Правилникот за регулирање на изостаноци, и кодексот на однесување во училиштето;
- Запознавање на родителите со Правилникот за регулирање на изостаноци, и кодексот на однесување во училиштето;
- Континуирано следење на примената на Правилникот за регулирање на изостаноците.

**Очекувани резултати:**

- Намалување на бројот на изостаноци;
- Добро информирани родители и ученици со Правилникот за регулирање на изостаноци и Кодексот за однесување;
- Подобрување на посетата на часовите.

**Критериуми за успех:**

- Почитување на Правилникот за регулирање на изостаноци и Кодексот на однесување од страна на учениците и родителите;
- Добро запознати родители и ученици со Правилникот за регулирање на изостаноци и прекршување на Кодексот на однесување на учениците;
- Навремено преземање на мерки во случај на прекршување на Правилникот за регулирање на изостаноци и прекршување на Кодексот на однесување на учениците.
- Класни раководители;
- Педагошко психолошка служба;
- Директор;
- Совет на родители.

**Инструменти*:***

- Извештај за информирањето на родителите и учениците со Правилникот за регулирање на изостаноци и прекршување на Кодексот на однесување на учениците.

**Време за извршување на евалуација:**

- Секое тромесечие; Секое полугодие;
- Крај на наставна година.

**Време на реализација:**

- Континуирано од 2020 до 2024 год.

**Задача 2:**
**Работа со ученици кои не го почитуваат куќниот ред  во училиштето**

**Активности*:***

- Лоцирање (забележување) на ученици;
- Работење со вака забележаните ученици.

**Очекувани резултати:**

- Подобрување на посетата на часовите;
- Зголемена контрола на учениците;
- Намалување на девијантните појави во училиштето.

**Критериуми за успех:**

- Лоцирани ученици кои не го почитуваат куќниот ред во училиштето;
- Работа со ученици кои не го почитуваат куќниот ред во училиштето;
- Намалување на бројот на ученици кои не го почитуваат куќниот ред во училиштето (намален број на случаи).

**Носители на активности:**

- Класни раководители;
- Педагошко психолошка служба;
- Директор;
- Совет на родители.

**Инструменти:**

- Извештај од педагошката служба за реализирани средби со ученици и родители.

***Време за извршување на евалуација:***

- Секое тромесечие;
- Секое полугодие;
- Крај на наставна година.

**Време на реализација:**

- Континуирано од 2020 до 2024 год

**Задача 3:**
**Работа со талентирани ученици**

**Активности*:***

- Лоцирање (забележување) на ученици;
- Работење со вака забележаните ученици.

**Очекувани резултати:**

- Зголемено учество на ученици во натпревари;
- Поголема мотивираност на учениците во проектни активности;
- Постигнати подобри резултати на државните натпревари.

**Критериуми за успех:**

- Поголеми постигнувања на учениците на наптреварите;
- Зголемување на бројот на учениците вклучени во проекти и проектни активности и натпревари;
- Зголемен број на одлични ученици.

**Носители на активности:**

- Класни раководители;
- Предметни професори.
- Педагошко психолошка служба

**Инструменти*:***

- Показатели за учество и освоени награди;
- Извештај за реализирани проекти и проектни активности.

**Време за извршување на евалуација:**

- Секое тромесечие;
- Секое полугодие
- Крај на наставна година.

**Време на реализација:**

- Континуирано од 2020 до 2024 год.

**Задача 4:**
**Работа со ученици со многу слаб успех**

**Активности:**

- Лоцирање (забележување) на ученици;
- Работење со вака забележаните ученици.

**Очекувани резултати:**

- Подобрување на успехот на учениците.

**Критериуми за успех:**

- Намалување на бројот на ученици со многу слаб успех.

**Носители на активности:**

- Класни раководители;
- Предметни професори;
- Педагошко психолошка служба.

**Инструменти:**

- Извештај од педагошката служба за реализирани средби со ученици и родители.

**Време за извршување на евалуација:**

- Секое тромесечие;
- Секое полугодие;
- Крај на учебна година.

**Време на реализација:**

- Континуирано од 2020 до 2024 год.

3. **Развојна цел:**
**Вклучување на родители за поддршка  за подобрување на редовноста и дисциплината на учениците во наставниот процес**

***Задачи:***

1. **Вклучување на родителите за поддршка на квантитетот на редовноста;**
2. **Вклучување на родителите за поддршка на квалитетот и квантитетот на дисциплината во училиштето и надвор од него.**

**Задача 1:**
**Вклучување на родителите за поддршка на квантитетот на редовноста**

**Активности:**

- Навремено евидентирање на изостаноците на учениците;
- Навремено информирање на родителите;
- Навремено превземање на соодветни педагошки мерки.

**Очекувани резултати:**

- Зголемена редовност на учениците;
- Зголемување на успехот на учениците.

**Критериуми за успех:**

- Зголемена посета на учениците на часовите;
- Зголемено присуство и соработка на родителите со професорите.

**Носители на активности:**

- Класни раководители;
- Педагошко психолошка служба;
- Директор;
- Совет на родители.

**Инструменти:**

- Тримесечни и полугодишни извештаи од класните раководители и педагошката служба.

**Време за извшување на евалвацијата:**

- Секое тромесечие;
- Секое полугодие.

**Време на реализација:**

- Континуирано од 2020 до 2024 год.

**Задача 2:**
**Вклучување на родителите за поддршка на квалитетот и квантитетот на дисциплината во училиштето и надвор од него**

**Активности:**

- Организирање на трибини и работилници со родители и ученици за етичко однесување во училиштето и надвор од него;
- Организирање на трибини и работилници со родители и ученици за девијантните појави.

**Очекувани резултати:**

- Намалување на девијантните појави
- Зголемено комуницирање помеѓу учениците
- Подобрен однос ученик со ученик
- Подобрен однос ученик со професор

**Критериуми за успех:**

- Зголемување на бројот на реализираните трибини и работилници со родителите;
- Зголемување на присуството на невладините организации во училиштето;
- Зголемување на дисциплината во училиштето и надвор од него;
- Намалување на девијантните појави во училиштето и надвор од него.

**Носители на активности:**

- Родители;
- Педагошко психолошка служба;
- Класни раководители;
- Невладини организации.

**Инструменти:**

- Извештаи од одржаните трибини
- Извештаи од одржаните работилници

**Време за извршување на евалвацијата:**

- Секое полугодие.

**Време на реализација:**

- Континуирано од 2020 до 2024 год.

## ПОДРАЧЈЕ НА ПРОМЕНИ: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

**РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ:**

1. **ПРИСТАПНОСТ ДО УЧИЛИШТЕТО НА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ**
2. **КАРИЕРНО СОВЕТУВАЊЕ ПРЕКУ ОТВОРАЊЕ НА КАРИЕРЕН ЦЕНТАР ВО УЧИЛИШТЕТО**
3. **ОРГАНИЗАЦИЈА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА СОВЕТУВАЊА ЗА РОДИТЕЛИ**
4. **ЗАШТИТА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ПСИХИЧКИ И ФИЗИЧКИ ЗЛОУПОТРЕБИ**
5. **ЕДУКАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА ГРИЖА И ЗАШТИТА ОД БОЛЕСТИ**

**Развојна цел:**
**Пристапност до училиштето на лица со посебни потреби**

**Задача 1:**
**Утврдување на обемот на потребите на училишната зграда, број на лицата со посебн потреби кои гравитираат кон учлилиштето, потреби за итни интервенции од здравствени потреби на учениците и вработените, пристап на мајки со мали деца, дотур на материјали од тековен карактер, учебници и сл., пренос на лафет.**

**Задача 2:**
**Утврдување на позицијата на пристапот, кон училишната зграда, поставеноста и изработка на проектен документ за намената, изградба на пристап за лица со посебни потреби, мајки со деца, пристап за лафетен транспорт на роба со помал габарит и слични потреби од здравствен и друг тип.**

**Задача 1:**

**Утврдување на обемот на потребите на училишната зграда, број на лицата со посебн потреби кои гравитираат кон училилиштето, потреби за итни интервенции од здравствени потреби на учениците и вработените, пристап на мајки со мали деца, дотур на материјали од тековен карактер, учебници и сл., пренос на лафет.**

**Активности:**

- Подготвка на анкентен прашалник, со целни содржини кон проблематиката
- Дистрибуција на прашалникот, собирање на резултатите и нивна евалуација.

**Очекувани резултати:**

- Добивање на јасна слика за состојбите во училиштето, кои конкретно ќе ја дефинираат потребата.

**Критериум за успех**

- Подготвена анкетна анализа во форма на извештај.

**Носители на активностите**

- Педагошко психолошка служба

**Инструменти за реализација**

- Анкетен прашалник, со конкретна содржина, извештај

**Време на реализација**

- Учебна 2020/2021

**Задача 2:**
**Утврдување на позицијата на пристапот, кон училишната зграда, поставеноста и изработка на проектен документ за намената, изградба на пристап за лица со посебни потреби, мајки со деца, пристап за лафетен транспорт на роба со помал габарит и слични потреби од здравствен и друг тип.**

**Активности:**
- Утврдување на позиција на пристапот кон училишната зграда.
- Подготовка на проектен документ.
- Реализација на пристапен влез, пристапна рампа.

**Очекувани резултати:**
- Овозможен целосен и олеснет пристап на лица со посебни потреби, мајки со деца, транспортни потреби од помал габарит и обем за потребите на училишната зграда и училишните потреби.

**Критериум за успех:**
- Изработен пристап, пристапна рампа за влез со лафет.

**Носителина активностите:**
- Раководниот тим на училиштето

**Инструменти за реализација:**
- Проектен документ

**Време на реализација:**
- Континуирано 2020 - 2024

**Развојна цел 2:**
**Кариерно советување преку отворање на кариерен центар во училиштето**

**Задача 1: Утврдување на просторија за кариерен центар и нејзина адаптација, организирање на опрема и услови за работа.**

**Задача 2: Утврдување на програма за работа на Кариерниот центар, динамика на активности, работен ангажман, распоред на активностите на работната група во центарот (дневно, неделно).**

**Задача 3: Промоција на Центарот за кариера**

**Задача4: Вклучување на АВРМ, Деловни партнери и Високо образовни институции**

**Задача 1:**
**Утврдување на просторија за кариерен центар и нејзина адаптација, организирање на опрема и услови за работа.**

**Активности:**

- Утврдување на просторија за кариерен центар, изработка на план за нејзина адаптација согласно со намената.
- Белење, фарбање, средување на условите за работа, материјали за работа во просторот на Кариерниот центар.

**Очекувани резултати:**

- Добри просторни и материјални услови за работа на Кариерниот центар.
- Професионално ориентирање и фокусирање на практичните аспекти, општествената инклузија на учениците, кое се негува во текот на средното стручно образование во училиштето.

**Критериум за успех:**

- Информираност на учениците, поврзано со нивната професија и натамошна едукација
- Систематско водење на учениците низ професионалното насочување и создавање на конкретни услови, во општествената заедница, со цел, активноста да биде реализирана.

**Носители на активностите:**

- Тим на наставници, обучени за работа во кариерниот центар

**Инструменти за реализација:**

- План за работа на уредување на просторијата согласно со намената, писмени проектни препораки за условите кои треба да бидат исполнети во просторот за работа.

**Време на реализација:**

- Учебна 2020/2021

**Задача 2:**
**Утврдување на програма за работа на Кариерниот центар, динамика на активности, работен ангажман, распоред на активностите на работната група во центарот (дневно, неделно).**

**Активности:**

- Донесување на програма за работа на Кариерниот центар
- Формирање на Тим на наставници кои ќе имаат дневен ангажман на активности во кариерниот центар

**Очекувани резултати:**

- Воспоставување на подобра комуникација со локалната заедница, фирми, јавни претпријатија, високо образовни институции, сојузи и здруженија во кој се промовира практичната работа или активност на учениците.
- Оганизирана феријална и практикантска работа на учениците во летниот период, со добра дефинираност на бројот на работни места и солиден опфат на ученици, кај работодавачите.
- Добра информираност и поврзаност со динамиката на саемските и други видови на манифестации од интерес на струките во државата и надвор од неа, мотивирање на учениците за себе промоција и подигање на креативноста во насока на струката.
- Следење на кариерниот развој на учениците во текот и по завршувањето на средното  стручно образование.

**Критериум за успех:**

- Број на ученици, кои успешно завршиле феријална и практикантска работа.
- Број на ученици, кои учествувале во манифестации, саеми, изложби, со цел да ја промовираат својата работа во струката.
- Број на вработени ученици во струката непосредно по завршеното образование.
- Број на ученици, кои го продолжиле своето образование во високообразовните институции, во согласност или поблиску до образовните профили, кои биле предмет  нивното средно стручно образование.

**Носителина активностите:**

- Тим на наставници кои се обучени за работа во кариерниот центар, педагошко психолошката служба, ученици.

**Инструменти за реализација:**

- Наставни планови и програми на струките и образовните профили, програма за работа на стручните активи
- Програма за работа на Каиерниот центар, анкетни листови, прашалници

**Време на реализација:**

- Континуирано 2020 -2024

**Задача 3:**
**Промоција на Центарот за кариера**

**Активности:**

- Запознавање на наставниците со значењето на Центарот
- Информирање на учениците за бенефитот од по постоењето на овој Центар
- Организирање на настан за запознавање на другите ученици - деветоодделенци родители со можностите кои ги нуди Центарот
- Медиумска презентација на Центарот

**Очекувани резулатати:**

- Висок степен на заинтересираност на наставниците, учениците и родителите за вклучување во активностите на Центарот
- Информираност на локалната средина со придобивките од постоењето на Центарот

**Критериуми за успех**

- Вклученост на учениците во промоцијата на центарот
- Записници од родителски средби на кои е презентирано отварањето на центарот

**Носителина активности:**

- Ученици од I, II, III и IV година
- Кариерни советници
- Совет на родители
- Директор на училиштето

**Инструменти:**

- Прашалници изготвени за одредена целна група
- Изработени флаери за промоција на центарот

**Времереализација:**

- Октомври 2020 година

**Задача 4:**
**Вклучување на АВРМ, деловни партнери и високообразовни институции**

**Активности:**

- Реализирање на предавања или разговори со учениците од страна на обучени лица, предвидени со отворање на Кариерниот центар во нашето училиште, како и со предметните професори и класните раководители
- Соработка со Агенти за вработување од Агенцијата за вработување при спроведување на тестови за професионална ориентација на учениците
- Годишно информирање од страна на Агенцијата за вработување околу побарувачката на пазарот на трудот за образовните профили кои се од интерес на училиштето
- Медиумско преставување на услугите на Ценатрот
- Организирање на отворени денови на кариера
- Организирање и изведување на задолжителна и феријална пракса во фирми и компании кои се во доменот на интерес на учениците, согласно стандардите на работните места, како и мониторинг и евалуација на учениците-практиканти од страна на работодавачите

**Очекувани резулатати:**

- Осознавање на личните афинитети и вештини на учениците и нивно ефикасно искористување во понатамошниот живот и кариера

**Критериуми за успех**

- Остварена соработка со учениците кои покажуваат интерес  за професионално насочување
- Изготвени списоци со ученици кои би биле целна група за понатамошна работа со нив
- Изготвени списоци на фирми и компании кои се од интерес за изведување на феријална пракса од страна на учениците
- Остварена соработка со Агенцијата за вработување
- Записници од реализирани средби

**Носители на активности:**

- Ученици од II,III и IV година
- Агенти за вработување од Агенцијата за вработување, Кариерни советници
- Лица од Одделенијата за човечки ресурси во фирмите во кои ќе се изведува феријална пракса
- Преставници од Високообразовни институции
- Педагошко-психолошка служба

**Инструменти:**

- Прашалници изготвени за одредена целна група
- Интервјуа со ученици од страна на Агенцијата за вработување и Кариерниот центар
- Видео записи од отворените денови на кариера

**Време на реализација:**

- Континуирано 2016/20 година

**Развојна цел 3:**

**Организација и спроведување на советувања за родители**

**Задача 1**

**Зголемена контрола на учениците кои нередовно ја посетуваат наставата**

**Активности:**

- Советувања за родители

**Очекувани резултати:**

- Намалување на изостаноците и подобрување на поведението на учениците

**Носители на активностите:**

- Стручна служба
- Класни раководители
- Родители
- Ученици

**Време на реализација:**

- Континуирано 2021-2024

**Развојна цел 4:**

**Заштита на учениците од психички и физички злоупотреби**

**Задача 1**

**Водење грижа за психофизичкиот развој на учениците**

**Активности:**

- Предавања и работилници

**Очекувани резултати:**

- Зголемување на интелектуалниот, социјалниот и емоционалниот развој на учениците

**Носители на активностите:**

- Стручна служба
- Наставници
- Институции - Општина Велес, МВР, Црвен крст Велес, Центар за социјални работи, невладини и други организации.

**Време на реализација:**

- Континуирано 2021-2024

**Развојна цел 5:**
**Едукација на учениците за грижа и заштита од болести**
**Задача 1**
**Водење грижа за здравјето на учениците**

**Активности:**
- Организација на трибини и предавања

**Очекувани резултати:**
- Заштита на здравјето на учениците и подобрување на хигиената

**Носители на активностите:**
- Наставници
- Центар за јавно здравје
- Стручна служба

**Време на реализација:**
- Континуирано 2021-2024

## ПОДРАЧЈЕ НА ПРОМЕНИ: РЕСУРСИ

**РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ:**

1. **НАБАВКА НА АПАРАТИ, ИНСТРУМЕНТИ, АЛАТ И ПРИБОР ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИОТ ПЛАН**

2. **ОБУЧУВАЊЕ НА НАСТАВНИОТ КАДАР И ПЕДАГОШКО-ПСИХОЛОШКАТА СЛУЖБА ЗА НИВНО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ И НАДГРАДУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ**

3. **РЕДОВНА И КОНТИНУИРАНА ГРИЖА ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА НА ВРАБОТЕНИТЕ**

4. **ИНВЕСТИЦИОНЕН ПЛАН ЗА ИНФРАСТРУКТУРНО ОДРЖУВАЊЕ НА УЧИЛИШНАТА ЗГРАДА И УЧИЛИШНИОТ ДВОР ЗА ПЕРИОД (2020 – 2024)**

**Развојна цел 1:**
**Набавка на апарати, инструменти и алат и прибор за извршување на наставниот план**

**Задача 1: Набавување на инструменти, алат и прибор**

**Задача 2: Изработка на инструменти за примена на алатот и приборот**

**Задача 3: Примена на алат и прибор за целосно извршување на наставниот план**

**Задача 1: Набавување на инструменти, алат и прибор**

**Активности**
- Анализа на пописните листи и идентификација на потребниот алат и прибор
- Изготвување на листа со потребниот алат и прибор
- Набавка на потребниот алат и пробор

**Очекувани резулатати:**
- Доследна примена на набавените инструменти, алат и прибор

**Критериуми за успех:**
- Целосно имплементирање на набавените инструменти, алат и прибор во наставниот процес
- Подобрување на резултатите од наученото, преку примена на набавените инструменти, алат и прибор во практичната настава

**Носители на активности:**
- Одговорни наставници на активи
- Класни раководители, предметни наставници

**Инструменти**:
- Листа со набавените  инструменти, алат и прибор

**Време за извршување на евалвацијата**:
- Септември 2020

**Време на реализација:**
- Септември – ноември 2020

**Задача 2: Изработка на инструменти за примена на алатот и приборот**

**Активности:**

- Изработка на работни листови, чек листи за следење на постигнатите резултати на учениците, работа во групи, тандем и сл.
- Изработка на евидентни листи за самовреднување на постигнатите резултати на учениците
- Изработка на диференцирани работни листови

**Очекувани резулатати:**

- Самовреднување на постигнатите резултати на учениците
- Развивање на самокритичкото мислење и самоценување
- Настава во која секој ученик добива оценка според своите залагања и интерес

**Критериуми за успех**

- Континуирано информирање на учениците за постигнатите резултати
- Континуирано информирање на родителите за постигнатиот успех на учениците

**Носители на активности:**

- Одговорни наставници на активи
- Предметни наставници
- Педагог

**Инструменти**:

- Наставните планови  и програми одобрени од МОН и БРО
- Наставничко портфолио
- Досие на ученикот

**Време за извршување на евалвацијата**:

- Секој класификационен период 2020/2021

**Време на реализација:**

- Септември-Јуни 2020/2021

**Задача 3: Примена на алат и прибор за целосно извршување на наставниот план**

**Активности:**

- Публикување на постигнатите резултатите на учениците
- Доставување на информациите до родителите на учениците
- Презентирање на информациите од постигнатите резултати на учениците на Советот на родители,
- Презентирање на информациите од постигнатите резултати на учениците на Училишниот одбор на училиштето

**Очекувани резулатати:**

- Постигнување на солидни резултати/според залагањето на секој ученик
- Соодветна подготовка на учениците за пазарот на трудот

**Критериуми за успех**

- Дневник на паралелката
- Е-дневник на паралелката и пошироко
- Доставени публикувани извештаи со постигнатите резултати

**Носители на активности:**

- Класен раководител
- Одговорни наставници на активите
- Педагог
- Директор

**Инструменти**:

- Евидентни листи
- Свидетелства
- Публикувани извештаи

**Време за извршување на евалвацијата**:

- Полугодие и крај на учебна година 2020/2021

**Време на реализација:**

- Ноември-Јуни 2020/2021

**Развојна цел 2:**
**Обучување на наставниот кадар и педагошко-психолошката служба за нивно стручно усовршување и надградување и напредување**

**Задача 1: Спроведување на анкета за заинтересирани наставнци кои би ја следеле обуката**

**Задача 2: Организирање на обуки и семинари за стручно усовршување на наставниците**

**Задача 3: Анализа и следење на примена на стекнатите знаења**

**Задача 1: Спроведување на анкета за заинтересирани наставници кои би ја следеле обуката**

**Активности:**

- Споведување на анкета помеѓу наставниците за следење на обуки и семинари
- Одредување на наставници кои би следеле одредени обуки

**Очекувани резултати:**

- Да се идентификува бројот на наставници кои имаат потреба од континуиран професионален развој
- Истакнување на сопствените цели на наставниците и нивно стручно усовршување

**Критериуми за успех**

- Зголемен интерес за учество на обуки и семинари за професионален развој
- Обучени наставници според според модерните образовни програми

**Носители на активности:**

- Наставници, педагошко-психолошка служба, Директор на училиште

**Инструменти:**

- Анкетни ливчиња, извештај од педагошко психолошката служба за спрроведената анкета

**Време за извршување на евалвацијата:**

- Септември 2020

**Време на реализација:**

- Септември 2020 - Јуни 2024

**Задача 2: Организирање на обуки и семинари за стручно усовршување на наставниците**

**Активности:**

- Изготвување на распоред за следење на обуки и семинари за професионален развој
- Спроведување на обуките и семинарите

**Очекувани резултати:**

- Успешна реализација на обуките и семинарите

**Критериуми за успех**

- Обучени наставници

**Носители на активности:**

- Наставници
- Педагошко психолошка служба
- Директор на училиште

**Инструменти:**

- Извештаи од спроведени обуки

**Време за извршување на евалвацијата:**

- Полугодие и крај година за учебна 2020/2021/2022

**Време на реализација:**

- Септември 2020/2021 и 2021/2022

**Задача: 3: Анализа и следење на примена на стекнатите знаења**

**Активности:**

- Организирање на интерни обуки од страна на обучените наставници
- Организирање на отворени часови на кои ќе бидат спроведени научените техники

**Очекувани резултати:**

- Зголемување на бројот на обучени наставници
- Организирани отворени часови од страна на обучените наставници

**Критериуми за успех**

- Извештаи од спроведени интерни обуки

**Носители на активности:**

- Наставници
- Педагошко психолошка служба
- Директор на училиште

**Инструменти:**

- Извештаи од посетените отворени часови

**Време за извршување на евалвацијата:**

- Полугодие и крај година за учебна 2020/2021 и 2021/2022

**Време на реализација:**

- Мај 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023

**<u>РАЗВОЈНА ЦЕЛ 3:</u> РЕДОВНА И КОНТИНУИРАНА ГРИЖА ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА НА ВРАБОТЕНИТЕ**

**Задача 1: Утврдување на потребите на опрема и облека за заштита при работа, односно униформи согласно со систематизација на работното место и задолженијата на вработените во училиштето**

**Задача 2: Утврдување и опремување на просторија и услови за чување на облеката и опремата за заштита при работа.**

**Задача 3: Обука на вработените од делот заштита при работа**

**Задача 4: Набавка на опрема за заштита при работа, нејзино задолжување и контрола на користење**

**Задача 1: Утврдување на потребите на опрема и облека за заштита при работа, односно униформи согласно систематизација на работното место, и задолженијата на вработените во училиштето**

**Активности:**
- Преглед на систематизијата на работните места и поблиска анализа на работните задачи и потребите од заштитна опрема при нивна реализација и соодветни униформи за наставниците
- Утврдување на описот на потребната заштитна опрема или заштитна облека и униформи за наставниците

**Очекувани резултати:**
- Изготвена листа на потребна опрема за заштита при работа и униформи за наставниците

**Критериум за успех:**
- Подготвена листа на добавувачи, цени и селекција на средствата и опремата за заштита при работа и униформи за наставниците

**Носители на активностите:**
- Работна група од вработени во училиштето

**Инструменти за реализација:**
- Систематизација на работни места, каталози на опрема за заштита при работа.

**Време на реализација:**
- Секоја година во период септември – ноември (2020 – 2024)

**Задача 2: Утврдување и опремување на просторија и услови за чување на облеката и опремата за заштита при работа.**

**Активности:**

- Утврдување на просторија за чување на заштитната облека и опрема за работа.
- Опремување на просторијата за чување на заштитната облека и опрема за работа со соодветен инвентар.

**Очекувани резултати:**

- Подобра организација, во користење и работа со опремата за заштита при работа.
- Подобро чување и грижа на заштитната облека и опремата за работа

**Критериум за успех:**

- Избран простор, со потребните пристапни услови, за чување и редовно користење на опремата за заштита при работа.

**Носители на активностите:**

- Вработени во училиштето

**Инструменти за реализација:**

- План на зградата на училиштето, информации од пописни листи за нејзината зафатеност и искористеност на просторот.

**Време на реализација:**

- Учебна 2020/2024

**Задача 3: Обука на вработените од делот заштита при работа**

**Активности:**

- Избор на обуки, наменети за вработените со цел да се изврши превенција во моделот на заштита при работа, интерес за бесплатни обуки од ваков тип, организирани од државни институции, организации со лиценцно право за овој вид на обуки кои се платени.
- Поставување на обуките, како финсиска програма во планот за јавни набавки на училиштето.
- Реализација на обука/ки, наменети за сите вработени или за целни групи на вработени согласно со описот на работните задачи.

**Очекувани резултати:**

- Реализирани обуки од делот на заштита при работа

**Критериум за успех:**

- Обучени вработени, во делот на заштита при работа.

**Носители на активностите:**

- Вработените и раководниот тим на училиштето

**Инструменти за реализација:**

- Листа на институции и организации, кои се занимаваат со обуки од делот на заштита при работа
- План за јавни набавки
- Финасиски извештаи за работата на училиштето

**Време на реализација:**

- Континуирано од 2020 - 2024

**Задача 4: Набавка на опрема за заштита при работа, нејзино задолжување и контрола на користење**

**Активности:**

- Анализа на пописните листи и идентификација на потребната опрема за заштита при работа
- Изготвување на листа со потребната опрема за заштита при работа
- Набавка на опрема за заштита при работа, согласно со планираното и согласно со Планот за јавни набавки во тековната година и финсиските можности на училиштето во тековната година.

**Очекувани резултати:**

- Набавена опрема или облека за заштита при работа

**Критериум за успех:**

- Заштитени работници во текот на извршување на работните задачи, согласно задолженијата и систематизацијата на работното место.

**Носители на активностите:**

- Раководниот тим на училиштето и вработените.

**Инструменти за реализација:**

- Каталози, ценовници со опрема и средства за работа, про фактури и фактури за набавка на заштитни средства, облека и опрема за заштита при работа.

**Време на реализација:**

- Континуирано 2020-2024

**<u>РАЗВОЈНА ЦЕЛ 4:</u> ИНВЕСТИЦИОНЕН ПЛАН ЗА ИНФРАСТРУКТУРНО ОДРЖУВАЊЕ НА УЧИЛИШНАТА ЗГРАДА И УЧИЛИШНИОТ ДВОР ЗА ПЕРИОД 2020 – 2024 ГОДИНА**

**Задача 1:**
**Формирање на тим за преглед на градежната целост и училишната зграда**
**Задача 2:**
**Одредување на приоритети за реновирање и санација за периодот од 2020 – 2024 год. и нивно описно групирање по фазите на градба на објектот**
**Задача 3:**
**Изработка на инвестиционен план и негово донесување од страна на Училишниот одбор за периодот од 2020–2022 год.**
**Задача 4:**
**Изработка на проектни документи, за утврдените приориети со точен предмер и пресметка на материјали и опис на работи, графички прикази соодветни на документите**

**Задача 1: Формирање на тим за преглед на градежната целост, училишната зграда и преглед на зградата**

**Активности:**
- Формирање на тим за преглед на градежната целост
- Преглед на училишната зграда, како градежна целост

**Очекувани резултати:**
- Утврдување на недостатоци и пропусти, амортизирани делови од инсталации и сл. на објектот, училишна зграда.

**Критериум за успех:**
- Листа на утврдени недостатоци, пропусти и амортизирани делови, класирани по позиции, и групирани по фази на градба на објектот.

**Носители на активностите:**
- Тим за преглед на градежната целост, составен од вработени во училиштето

**Инструменти за реализација:**
- Записници за формирање на тимот, листи од проверка на зградата, записници и табеларни прегледи по завршена активност.

**Време на реализација:**
- 2020 (септември – декември)

**Задача 2:**
**Одредување на приоритети за реновирање и санација за периодот од 2020– 2024 год. и нивно описно групирање по фазите на градба на објектот.**

**Активности:**

- Утврдување на приоритети за санација и реновирање , во и околу училишната зграда, според изработен динамички план, за период од 4 години (2020 – 2024)
- Групирање по фазите на градба на објектот

**Очекувани резултати:**

- Утврден динамички план на активностите, со детална листа на приоритети, според логичен редослед на фазите на градба и одржување на објектот.

**Критериум за успех:**

- Изработен динамички план на активности, со детална листа на приоритети , според логичен редослед на фазите на градба и одржување на објектот.

**Носители на активностите:**

- Тим за преглед на градежната целост, составен од вработени во училиштето.

**Инструменти за реализација:**

- Извештаи, фотографии, описи на состојби, електронски и штампани записи за конкретната активност.

**Време на реализација:**

- 2020 (септември – декември)

**Задача 3:**
**Изработка на инвестиционен план и негово донесување од страна на Училишниот одбор за периодот на важност, од 2020 – 2024 год.**

**Активности:**
- Обработка на податоците, добиени од тимот за преглед и одржување на училишната зграда.
- Изработка на Инвестициониот план и неговото донесување од страна на Училишниот одбор.

**Очекувани резултати:**
- Донесен инвестиционен план за одржување на училишната зграда за периодот 2020 – 2024.
- Систематичност во планирањето на финасиските средства, во планот за јавни набавки и нивна употреба во делот на инвестициите.

**Критериум за успех:**
- Реална динамика на активностите, содржани во Инвестициониот план и избраните приоритети.
- Одржана градежна целост и дворна површина, на училишната зграда.

**Носители на активностите:**
- Тим за преглед на градежната целост, составен од вработени во училиштето.

**Инструменти за реализација:**
- Извештаи, фотографии, описи на состојби, електронски и штампани записи за конкретната активност.

**Време на реализација:**
- Декември 2020

**Задача 4:**
**Изработка на проектни документи, за утврдените приориети во Инвестицискиот план, со точен предмер и пресметка на материјали и опис на работи, графички прикази соодветни на документите.**

**Активности:**

- Изработка на проектни документи за утврдените приориети со точен предмер и пресметка на материјали и опис на работи, графички прикази соодветни на документите од страна на Овластени проектантски фирми.

**Очекувани резултати:**

- Изработени проекти
- Точен предмер и пресметка на материјали, проектантски цени и постапки, за конкретна активност.

**Критериум за успех:**

- Планирање на буџет, во рамките на Планот за јавни набавки за делот проектирање, или обезбедување на средства од други извори (проектно финасирање, преку локалната самоуправа или државата) за потребите на проектирање, за училиштето по утврден приоритет на Инвестициониот план.
- Употребливост на проектите, со цел добивање на средства или планирање на средства за негово реализирање од страна на државата, локалната заедница или училиштето.

**Носители на активностите:**

- Овластена проектантска фирма
- Раководната структура на училиштето
- Наставници во училиштето

**Инструменти за реализација:**

- План за јавни набавки
- Проектни апликации

**Време на реализација:**

- Континуирано 2020 - 2024 г.

## <u>ПОДРАЧЈЕ НА ПРОМЕНИ:</u> УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ

**РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ:**

1. **ПРОДЛАБОЧУВАЊЕ И ПРОШИРУВАЊЕ НА СОРАБОТКА СО СОЦИЈАЛНИ ПАРТНЕРИ ОД СТОПАНСКА И НЕСТОПАНСКА ДЕЈНОСТ, ЗАРАДИ РЕАЛИЗАЦИЈА НА РЕФОРМИРАНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ**

2. **ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПРОЕКТИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНА ПОДДРШКА И ИНФРАСТРУКТУРНО ДОУРЕДУВАЊЕ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС**

**<u>РАЗВОЈНА ЦЕЛ 1</u>:**
**ПРОДЛАБОЧУВАЊЕ И ПРОШИРУВАЊЕ НА СОРАБОТКА СО СОЦИЈАЛНИ ПАРТНЕРИ ОД СТОПАНСКА И НЕСТОПАНСКА ДЕЈНОСТ, ЗАРАДИ РЕАЛИЗАЦИЈА НА РЕФОРМИРАНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ**

**<u>Задача 1</u>:** Продлабочување на соработката со постоечките социјални партнери.

**<u>Задача 2</u>:** Зголемување на бројот на социјални партнери

**Задача 1:**
**Продлабочување на соработката со постоечките социјални партнери**

**Активности:**
- Формирање на тим за продлабочување на соработката со постоечките социјални партнери
- Одредување на клучни подрачја за проширување на соработката со постоечките социјални партнери

**Очекувани резултати:**
- Продлабочување на соработката со постоечките социјални партнери
- Промоција и афирмација на училиштето
- Стекнување на подобро практично искуство кај учениците

**Критериум за успех:**
- Подобрување на условите за изведување на практичната обука на учениците
- Поголема конкурентност на учениците на пазарот на трудот
- Можности за вработување кај социјалните партнери

**Носители на активностите:**
- Тимот за преговори со социјалните партнери
- Раководниот тим на училиштето

**Инструменти за реализација:**
- Договори, меморандуми за соработка со социјаните партнери, формулари, обрасци, извештаи и др.

**Време на реализација:**
- Континуирано 2020/2024

**Задача 2:**
**Зголемување на бројот на социјални партнери**

**Активности:**

- Формирање на тим за преговори со социјалнитепартнери
- Анализа и истражување на пазарот на социјални партнери
- Преговори и склучување на меморандуми за соработка со социјалните партнери

**Очекувани резултати:**

- Остварување на соработка со нови социјални партнери
- Промоција и афирмација на училиштето

**Критериум за успех:**

- Подобрување на условите за изведување на практичната обука на учениците
- Поголема конкурентност на учениците на пазарот на трудот

**Носители на активностите:**

- Тимот за преговори со социјалните партнери
- Раководниот тим на училиштето

**Инструменти за реализација:**

- Договори, меморандуми за соработка со социјаните партнери, формулари, обрасци, извештаи и др.

**Време на реализација:**

- Континуирано  2020/2024

## <u>РАЗВОЈНА ЦЕЛ 2:</u>
## ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПРОЕКТИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНА ПОДДРШКА И ИНФРАСТРУКТУРНО ДОУРЕДУВАЊЕ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС

**Задача 1: Формирање на тим за изготвување на план за проекти.**

**Задача 2: Одредување на приоритети за користење на материјалната поддршка.**

**Задача 3: Изработка на проектни документи за утврдените приоритети со точен план и опис на работа.**

**Задача 1:**
**Формирање на тим за изготвување на план за вклучување во проекти**

**Активности:**
- Формирање на тим и изготвување на план за проекти
- Формирање на тимови за изготвување на проекти
- Листа на подрачја за проектни апликации

**Очекувани резултати:**
- Тимска работа, добивање на проекти и промоција и афирмација на училиштето

**Критериум за успех:**
- Одобрени проекти, остварена материјална поддршка

**Носители на активностите:**
- Тим за изготвување на план за вклучување во проекти, составен од вработени во училиштето

**Инструменти за реализација:**
- Записници за формирање на тимот, листа на подрачја за поднесување проектни апликации

**Време на реализација:**
- 2020 (септември – декември)

**Задача 2:**
**Одредување на приоритети за користење на материјалната поддршка од проекти за периодот од 2020 – 2024 год.**

**Активности:**

- Изготвување на листа со приоритетни области за изработка на проектни апликации
- Одредување на областите кои ќе бидат поддржани со материјалната поддршка од проектите

**Очекувани резултати:**

- Утврден динамички план на активностите, со детална листа на приоритети

**Критериум за успех:**

- Изработен динамички план на активности, со детална листа на приоритети

**Носители на активностите:**

- Тим за изготвување на план за вклучување во проекти, составен од вработени во училиштето

**Инструменти за реализација:**

- Извештаи, фотографии, описи на состојби, електронски и штампани записи за конкретната активност.

**Време на реализација:**

- 2020 (септември – декември)

**Задача 3:**
**Изработка на проектни документи за утврдените приоритети со точен план и опис на работа.**

**Активности:**
- Обработка на податоците и проектни документи  добиени од тимот за изготвување на план за вклучување во проекти.
- Пополнување на обрасци за проектна апликација на одредени дејности.
- Добивање на проекти .

**Очекувани резултати:**
- Добивање на проекти
- Зголемена мотивација на вработените.
- Промоција и афирмација на училиштето.

**Критериум за успех:**
- Подобрување на условите за реализирање на воспитно-образовниот процес.
- Соодветна искористеност на материјалната поддршка.

**Носители на активностите:**
- Тим за изготвување на план за вклучување во проекти, составен од вработени во училиштето
- Раководниот тим на училиштето

**Инструменти за реализација:**
- Изработени проекти.

**Време на реализација:**
- Континуирано  2020/2024

Во изработката на „Развојниот план 2020 – 2024 година“, учествуваа:

1. Цветанка Ѓакова-Панова – в.д. Директор
2. Пандорче Јорданова – педагог
3. Соња Пашоска – психолог
4. Координатори на  подрачја: Валентин Елисковски, Јордан Палашев, Ангелче Гушев
5. Сашо  Ѓоргов – техничка обработка

Велес,

Септември 2020 година

в.д. Директор

Цветанка Ѓакова-Панова

________________